ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 9 февруари 2016

# ИНФОРМАЦИЈА

## За барање на лекување во странство на осигурените лица Х.С. и И.П.

Почитувани,

Во врска со апелите за лекување во странство за осигуреното лице Х.С. сакаме да Ве известиме дека Фондот презема активности и стапи во контакт со родителите, при што утврди дека нема конзилијарно мислење од соодветна македонска здравствена клиника, нема поднесено барање за лекување во странство и поради тоа закажа преглед на Универзитетската клиника за ортопедија во петок, каде лекарите ќе го дадат својот наод и стручно мислење. Доколку биде поднесено барање за лекување во странство, Фондот во законски утврдените рамки ќе донесе одлука.

Истовремено, сакаме да информираме во врска со апелот за донација и на осигуреното лице И.П. чии родители Фондот ги контактираше и исто така утврди дека сеуште немаат добиено конзилијарно мислење, ниту пак имаат доставено барање до Фондот, поради тоа закажан е преглед во петок на Универзитетската клиника за ортопедија, за да можат лекарите да дадат наод и стручно мислење.

Фондот максимално брзо одговори ќе излезе во пресрет и ќе одговори на барањето за лекување во странство за осигурените лица, доколку е конзилијарно потврдено од соодветните клиники и во согласност со законските прописи.

Со почит,

ФЗОМ